# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ - КАВАДАРЦИ

Јавната Општинска Установа Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ -Кавадарци, има план за заштита и спасување во случај на природни непогоди, што се гледа од приложените копии од планот на објектот во кој е сместен Дом на култура.

Проценувањето на опасностите од природните непогоди се врши особено врз основа на следните елементи:

**1. процена по мерките за заштита и спасување,**

**2. потребите и можностите за организација и раководење со заштита и спасувањето и организирањето на вработените во Дом на култура за заштита и спасување**

## 1. Процена по мерките за заштита и спасување опфаќа:

### 1.1 Евакуација

- процена на бројот на вработените и посетителите кои подлежат на евакуацијата,
- определување на места во кои се врши евакуацијата и во кои места се врши прифат на евакуираните работници и посетители.

Евакуацијата како мерка за заштита и спасување, претставува планско, организирано и привремено преместување на вработените и посетителите на Дом на култура. Евакуацијата на Дом на култура се врши така што сите вработени и посетители кои што во моментот ќе се затекнат во просториите на Дом на култура, отприлика тој број се проценува на 15 лица, треба полека и на време да го напуштат објектот, без предизвикување паника и трчање. Овластеното лице Диме Темков ја исклучува електричната енергија и треба гласно да повикува на настанатата опасност. Треба да е гласен и јасен за тоа што го кажува и дека зборното место е во дворот на Дом на култура. Тој ги проверува и сите простории, а откако ќе утврди дека нема никој во просториите и тој ги напушта.

За успешно извршување на евакуацијата потребно е да се ангажираат сите вработени во Дом на култура.

### 1.2 Засолнување на вработените и материјалните добра,

- процена на потребите за засолнување
- број на постоечките засолништа
- можните носители во реализацијата на мерката засолнување на вработените, посетителите, materijalnite dobra i dr.

Во рамките на активностите за организирање и спроведување на мерката засолнување се преземаат следните мерки: проверка на исправноста на засолништето и утврдување на правците кон него.

Доколку дојде до опасност во Дом на култура, делата и материјалите кои се од исклучителна важност, а се сместени во галеријата, се преземаат активности за нивна заштита. Лицето Диме Темков има обврска доколку опасноста е непосредна и се процени дека истите се загрозени, треба со помош на вработените да ги изнесе и смести во безбедна просторија.

### 1.3 Згрижување на настраданите и загрозените вработени и посетители, процена на бројот на настраданите

- утврдување на можностите за згрижување во објектите предвидени за сместување, исхрана и лекување

Подрумската просторија во Дом на култура е наменета и како засолниште во кое по потреба може да се засолнат неколку десетици луѓе. Просторот е поделен на неколку делови со бетонски ѕидови без врати. Подрумскиот простор има површина од 67 м2 и висина од 2,5 м. Во овој простор може да се засолнат околу 70-80 лица. Опремено е со електрична инсталација за осветлување.

### 1.4 Радиолошка,хемиска и биолошка заштита

- проценување на степенот на обученост на вработените
- обезбедување со средства за радиолошко, хемиска и биолошка заштита, за колективна и лична заштита
- можности за ангажирање на стручни, односно специјални органи и институции за заштита
- процена на можност за спроведување на контаминација

Радиолошката,хемиската и биолошката заштита се состои во преземање на мерки и активности заради спречување, ублажување и отстранување на последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси врз вработените, посетителите и материјалните добра во услови на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи. Најефикасен облик на заштита од РХБ агенси и опасни материи претставуваат засолништата. Меѓутоа, ако не може да се стигне

во засолништето во тој случај треба да се запре навлегувањето воздух од надвор. Со оглед на тоа, неопходно е исклучување на клима уредите, затварање на сите прозорци, отвори, односно да се преземат активности кои ќе оневозможат навлегување опасни материи од надвор во просториите каде се засолнати вработените и посетителите кои во тој момент се нашле во Дом на култура и да се чекаат понатамошни инструкции.

Превентивни мерки за заштита од опасни материи најчесто се: системи за нивно откривање и јавување. Исто така согласно прописите треба да се вршат производството, складирањето и транспортот. Доколку дојде до несакани последици да се повикаат стручни лица кои ќе преземат мерки за отстранување на последиците.

### 1.5 Заштита и спасување од урнатини

- процена на загрозеноста на вработените и посетителите и објектите од уривање и затрупување
- организација на вработените за спасување од урнатините
- завземање положба на ,,фетус", да се застане до: носечки ѕидови, под маса или друг цврст материјал, во ќошот од собата или под рамката на вратите
- оддалечете се од прозорците, надворешните ѕидови, лустери и полици
- додека трае потресот останете мирни и засолнати, од кога ќе се смири напуштете го објектот
- не излегувајте на тераси
- останете мирни, избегнувајте да правите паника, може да снема струја
- исклучете ја струјата, котлите за греење и други извори на топлина

- доколку се најдете под рушевините

  - Не палете оган
  - Не се помрднувајте
  - Покријте ја устата со марамче или ткаенина
  - Удирајте по цевки или друг метал
  - Бидете присебни и пробајте да се ориентирате
  - Ако сте притиснати со материјал пробајте да се ослободите, но не трошете премногу енергија – штедете ја
  - Бидете спремни за нови потреси
  - Доколку некој е тешко повреден не го поместувајте
  - Не користете телефон и возила

- доколку сте надвор од објектот

- Застанете подалеку од улично осветлување, електрични кабли
- Доколку сте на улица пазете на предметите кои може да паднат врз вас

Во спроведувањето на оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини учествуваат сите кои се затекнале на местото на урнатините. Излегувањето и напуштањето на Дом на култура се врши полека, без трчање, движењето по скалите се врши строго лево или десно по скалилата без непотребни застанувања. Тивко полека се излегува во дворот на Дом на култура и подалеку од објектот на безбедно место.

### 1.6 Заштита и спасување од поплави

- преглед на водостојот на реката Луда Мара и Тиквешкото езеро
- хидрометеоролошките услови за прогласување непогода (водостој, врнежи, состојба со снегот и сл.)
- доколку известувањето биде повремено можат да се превземат низа работи кои би спречиле

- Поплави на објектот (набавки на вреќи со песок, сликите и материјалните добра да се качат на повисоки катови или да се дислоцираат на сигурни места)
- да се постапи според планот за Заштита и спасување на Општина Кавадарци

Треба да се преземат и редовно спроведуваат активности за чистење на реките и одводни канали, забрана на фрлање ѓубре, шут во каналите и речните корита. Се воведуваат дежурства и се следи состојбата на терен. Ако има потреба вработените се евакуираат.

Доколку дојде до непосредно загрозување и до поплавување на Дом на култура, ovlastenoto lice Dime Temkov ја исклучува електричната енергија. Се следат инструкциите за водостојот при поплавата. Доколку се зголемува водостојот вработените сликите и материјалните добра ги засолнуваат на погорните катови.

По повлекувањето на поплавата, односно по престанокот на опасноста се пристапува кон санирање на последиците за што се формира комисија и се утврдува штетата.

### 1.7 Заштита и спасување од пожари

- процена на можностите за заштита и начините за гасењето на пожарите
- обученост и оспособеност на вработените за заштита и спасување
- опременост со средства за гасење пожари
- осетливост на објектите на пожари
- вид на објектите (материјал, катност)
- видот и состојбата на инсталациите (електро-инсталации)
- извори на топлина (печки, клима уреди, бојлери и сл.)
- патиштата (ходниците и скалите) секогаш да бидат проодни
- доколку се почувствува мирис или чад веднаш да се провери, да не се претпоставува дека некој друг тоа го направил
- доколку се забележи пожар веднаш да се почне со гасење и да се извести Противпожарната бригада на Општина Кавадарци
- делата и другите материјали кои може да горат, а можат да се отстранат, веднаш да се направи тоа
- доколку пожарот не може да се угасне затворете ги и проозрите за да се намали доводот на воздух
- бидете спремни за густ чад и топлина, ставете крпи или маици натопени со вода преку устата и носот

Мерките за заштита од пожари опфаќаат отстранување на причините на настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гасење на пожар, како и давање на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар, односно преземање на превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување од пожари.

Дом на култура е должен еднаш годишно да ангажира фирма која има право да ја проверува хидренската мрежа и да ги сервисира ПП апаратите кои ги поседува.

Најголемиот дел од пожарите може да биде предизвикан од вработените или посетителите во Дом на култура со нивното несоодветно однесување и негрижа. Можностите за настанување се зголемени поради користењето на грејни тела (бојлерче, бојлер, електрична печка, грејалица, но и од користењето на вентилатор, клима уреди, компјутери, скенери, печатари, разни работни машини и сл.)

Секој вработен во Дом на култура е должен во случај на пожар, да ја исклучи електричната енергија, да го гаси пожарот, да ги исклучи електричните уреди, по потреба да повика помош, да ја извести и противпожарната бригада, да го извести директорот и да преземе мерки за поефикасна заштита од пожарот.

## 1.8 Прва медицинска помош

Во рамките на првата медицинска помош се согледуваат прашањата за:

- можните човечки загуби и нивната структура
- задачите и условите за делување на здравствена заштита
- потреба и начин на ангажирање на другите структури на општината

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи претставува заштитата на вработените и посетителите односно прифаќање заштита и медицински третман. Доколку дојде до несакани последици кај некој од вработените во Дом на култура, основно и приоритетно е давањето прва медицинска помош на повредениот. Сандачето за прва медицинска помош е сместено на ѕидот во просторијата на кујната, на лесно достапно место. Опремено е со завои, ханзапласти и други неопходни помагала за прва помош.

ДИРЕКТОР

___________________